АПЕЛ ДО ВЛАДАТА ОД ПРОГРАМАТА „ЖИВО НАСЛЕДСТВО"

# ПОКАЖЕТЕ ГРИЖА ЗА МЛАДИТЕ БИТОЛЧАНИ

Програмата "Живо наследство" која во Македонија од 2000 година. заеднички ја реализираат Фондациите Институт отворено општество- Македонија и Крал Бодуен од Белгија , веќе година и пол се судрува со Министерството за образование. Тие деновиве апелираа до Владата, до премиерот Љубчо Георгиевски, до министерствата за образование и за транспорт и врски, позитивно да го решат проблемот со реализација на пилот -проектот во Битола за обнова и ставање во функција на споменикот на културата познат како Пионерски дом, во кој треба да функционира и Младински културен центар. Со тоа тие треба да покажат грижа за младите граѓани на Битола и одговорност спрема странските донатори, спрема донаторите во Република Македонија. Станува збор за необарокната куќа која подолго време стои запуштена и драстично оштетена. "Објектот е комплетна урнатина и наркоманско дувло во центарот на градот"- изјавува Иван Додовски, програмски координатор Фондацијата Институт отворено општество, потенцирајќи дека лобирањето за реставрација и ревитализација започнало уште во 2001 година, од страна на невладината организација Младинска културна асоцијација која ги обезбедила потребните финансиски ресурси. Проектот кој чини 200 000 американски долари а досега го подржале Министерството за култура со 15 000 долари, Фондациите Институт отворено општество и Крал Бодуен со 80 000 американски долари, а со финансиски средства учествуваат и УСАИД, Европската културна фондација, Институтот за Трајни заедници и други локални спонзори, Градоначалникот на Битола, петнаесеттина невладини организации, голем број на анкетирани граѓани, локалните медиуми и др. Министерот Ненад Новковски одбива да даде позитивно мислење до Владата, со што објектот треба да му се додели на сокориснииштво на Пионерскиот центар и Младинската културна асоцијација, нудејќи образожение дека Пионерскиот центар ќе продолжи со работа и без понудениот проект. Како се прашуваат одговорните за пилот- проектот, кога центарот нема ниту објект, ниту средства за работа!

(К.Б.)